# ПОЛИТИКА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Безбедноста и здравјето при работа на вработените е приоритет број еден на ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ДОО Кавадарци, согласно барањата на Стандардот **ISO 45001:2018.**

Основни принципи за Безбедноста и здравјето при работа во ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ДОО Кавадарци се:

- Успехот за безбедност и здравје на работното место се постигнува со постојано ангажирање, обуки и соработка со сите вработени;
- Се залагаме за унапредување на безбедноста и здравјето при работа, како дел од целокупното подобрување на работните услови, кое претставува една од основните цели и активности на нашата Компанија;
- Вложуваме максимални напори за зачувување на здравјето и безбедноста на сите наши директни и индиректни вработени во сите наши деловни активности;
- Безбедноста и здравјето при работа ги управуваме како интегриран систем од цели, обврски и одговорности;
- Континуирано се залагаме да воспоставиме безбедно и здраво однесување во нашите секојдневни активности и да креираме работна средина во која секој од нас е одговорен за сопствената безбедност и безбедноста на нашите колеги;
- Раководниот кадар е должен со своето делување во областа на безбедност и здравје при работа да дава пример како треба да се спроведат процедурите и правилата за безбедност и здравје при работа;
- Сите вработени се должни да ги почитуваат и следат дадените процедури и регулативи, да ги почитуваат правилата и прописите за безбедна работа и да работат согласно највисоките стандарди за безбедност при работа поставени од Компанијата.

Подрачје на примена: Преработка на никлоносна  руда и производство на фероникел.

Кавадарци, 16/11/2020

**Postal address**: v.Vozarci PO Box 53, 1430 Kavadarci, Republic of North Macedonia;
tel. +389 43 410 434; +389 43 421 904
E-mail: info@euronickel.com